# ПАВЛЕ КУЗМАНОСКИ

## 40 години цртеж
## (1967–2007)



Мултимедијален центар Мала Станица, Скопје

Мај 2007 www.pavlekuzmanoski.com



Павле Кузманоски
Роден 1939 година во Тетово

1959 Завршил Школа за применета уметност во Скопје, отсек сликарство во класата на Димитар Пандилов, Борко Лазески и Лазар Личеноски.

1963 Учествувал три месеци како член на сојузна екипа на конзерваторски работи на мозаик од 2 век во Пула.

1964 Учествувал три месеци како член на сојузна екипа на конзерваторско-реставра торски работи врз фреските на Караѓорѓевата црква во Топола.

1966 Дипломирал на Академијата за применети уметности во Белград, отсек сликарство во класата на Винко Грдан, Рајко Николиќ и Аца Томашевиќ.

1967 Период на вработување во Тетекс - Тетово Студиски престои во Венеција, Торино, Франкфурт и Келн.

1973 Пристапува во членство на Друштвото на Ликовни уметници на Македонија.

1980-81 Осуммесечна специјализација во Анже(Angers) -Франција, како стипендист на Француската влада.

1994 Стекнал статус на самостоен ликовен уметник од страна на Министерството за култура на Република Македонија.

Остварил четири студиски престои во Париз во Cite Internationale des Arts. Учествувал на преку 30 меѓународни ликовни колонии. До сега приредил 40 самостојни ликовни изложби во земјата и во странство. Учествувал на преку 250 колективни ликовни изложби во земјата и во странство.

Живее и работи во Тетово.
Адреса: ул. “Димо Гавровски - Кара” бр. 84а 1200 Тетово, Р.Македонија.
Тел.: ++389/044 332 520, www.pavlekuzmanoski.com

**Награди:**

1969 Ноемвриска награда за сликарство на Тетово - највисоко општинско признание.
1980 Награда на “ДЛУМ-цртеж” при НУБ “Климент Охридски” - Скопје
1986 Награда и повелба за сликарство “ЛИКУМ” на авторската агенција на ЦРМ.
1998 Награда за сликарство “Методија Ивановски - Менде” на 15 изложба “Мал формат” при Културно-информативниот центар, Скопје.

... Имено, четириесетгодишното цртачко мајсторство на Кузманоски пред нас распостила вистинска *цртачка енциклопедија*, допирајќи ги практично сите можни аспекти на цртежот - од вштуратав инстант линија во функција на взаробување на миготв, преку скицуозните (подготвителни) студии и серии / циклуси, до сосема класично / академски третирани цртежи како самостојни ликовни дела. И повторно од почеток... и повторно од почеток! Апсолутно верувајќи во неговите анатомски изразни можности и естетски атрибути Кузманоски ги афирмира стојностите на цртежот енергично, полнокрвно и - целосно. Варијациите во третманот се варијациите на уметниковите треперења, сензибилитет, трансформации ... !

Златко Теодосиевски
историчар на уметноста

... Она што посебно фасцинира во ликовното творештво на Павле Кузманоски е неговата континуалност на тивко и длабоко зреење, во кое авторот го изградува својот од почеток препознатлив стил и свет. Тоа е уметник со свој дефиниран тематско-мотивски епицентар, поетички принципи и емоција. Кај него е карактеристична рамнотежата во која под златен пресек се вкрстуваат и плодотворно ракуваат класичното и модерното. Уметник на тивки но моќни мени што се отвораат и шират како концентрични кругови од едно заедничко средиште. Еве, веќем полни пет децении од неговите први цртежи и четири од неговата самостојна изложба 1967 год. во уметничката галерија во Тетово како се отвараат пред него и пред нас складно овие кругови на една чиста и инвентивна имагинација, која пленува со својата поетичност, лирско чувствување на светот, креативна радост и естетска сугестија во која тактилно се допираат и испреплетуваат реалното и магичното, предметното и интуитивното ...

Ефтим Клетников

Цртежот како ликовна арматура на уметничкото дело го одразува и идентитетот на уметникот.

Од најраните младенечки дни до денес, цртежите во сите периоди имаат своја генеза.

Во изминатите децении застапени се повеќе теми и експериментирања. Низ нив доминира човечкиот лик преку портретите , актовите и фигурите.

Карактеристика на скоро сите цртежи е чистата и нагласена линија. Од тоа се создава јасна претстава за нивната финална порака.

Многу цртежи ми послужиле како увертира за создавање на моите слики.

Павле Кузманоски




"40 ГОДИНИ ЦРТЕЖ", Павле Кузманоски
Национална галерија на Македонија
Мултимедијален центар "Мала станица"
8 мај - 04 јуни, 2007

Национална галерија на Македонија
Крушевска 1а, 1000 Скопје, Македонија
Т: + 389 2 3133102, Ф: + 389 2 3126856
E: info@ngm.com.mk
www.ngm.com.mk

Издавач: Национална галерија на Македонија
За издавачот: Маја Крстевска
Организатор: Љупчо Маленков
Текстови: Златко Теодосиевски, Ефтим Клетников, Павле Кузманоски
Фотографија: Симон Апостолски
Печати: Скенпоинт, Скопје, Македонија

Изложбата е поддржана од:
Министерството за култура на Република Македонија



Автопортрет, 1978, молив



Уплашена жена што ја напаѓа птица, 1969